# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

- Агенцијата за електронски комуникации **поттикнува конкуренција** во обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи, услуги и придружни средства и **придонесува за развојот на Европскиот пазар**, промовирајќи ги **интересите на граѓаните** и применувајќи ги регулаторните начела за објективност, транспарентност, недискриминација и пропорционалност.

- Агенцијата за електронски комуникации ги **штити интересите на корисниците,** преку обезбедување на **електронски комуникациски услови со најдобар квалитет и по најповолни цени**.

- Агенцијата за електронски комуникации се стреми кон **зголемување на задоволството на корисниците** преку **воспоставување на побрз, поефикасен, поефтин и поквалитетен начин со поедноставни постапки да ги остваруваат своите права** .

- Агенцијата за електронски комуникации се стреми кон **континуирано унапредување на развојот на комуникациските технологии** и постојано **следење на светските трендови од доменот на електронските комуникации**.

- Агенцијата за електронски комуникации развива **партнерски односи со давателите на електронски комункации** во насока на **регулирање на пазарот на електронски комуникации на систематски начин**.

- Агенцијата за електронски комуникации се стреми кон развивање и имплементација на **системски и процесен пристап во работењето**, со цел обезбедување на **високо квалитетни електронски комуникациски услуги**;

- Агенцијата за електронски комуникации спроведува **идентификација, планирање, воведување, контрола и постојано унапредување на сите процеси** кои имаат влијание врз квалитетот на услугите;

- Агенцијата за електронски комуникации го поддржува **Системот за управување со квалитет** во согласност со барањата на меѓународниот **стандард ISO 9001:2008** и се стреми да одржува **тим од висококвалификуван и мотивиран персонал.**

- Врвното раководство на Агенцијата за електронски комуникации периодично извршува **контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет**.

Скопје, 16.10.2014

Наш број 0403 -23 / 196
Скопје, 20.10.2014

Директор

Роберт Ордановски

в.02